И Н Ф О Р М А Ц И Ј А

ЗА ПРОГРЕС НА ИМПЛЕМЕНТИРАНИТЕ ПРОЕКТИ ОД СТРАТЕГИЈАТА ЗА ИНКЛУЗИЈА НА РОМИТЕ 2022 -2030 ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ

**(за период август - декември 2024)**

Министерството за социјална политика, демографија и млади во рамките на надлежностите и координативната улога што ја има продолжува со имплементирање на проектите кои се во насока на инклузија на децата Роми во предучилишното образование, поголема информираност на припадниците на ромската заедница преку Ромските Информативни Центри, идентификување на лицата неевидентирани во матичните книги на родени и помош при обезбедување на лични документи и привремено згрижување и социјална интеграција на бездомните лица сместени во прифатниот центар Визбегово.

Сите овие проекти се финансирани од буџетот на Министерството за социјална политика, демографија и млади од Програмата за поддршка на Ромите.

Министерството за социјална политика, демографија и млади во соработка со меѓународни организации ги имплементира следниве проекти:

1. Во соработка со канцеларијата на Светска Банка и УНДП во Скопје се имплементира проект за Повратниците Роми, со финансиска поддршка од Европската Комисија и Советот на Европа;

2. Со поддршка на Советот на Европа се имплементираше РОМАКТЕД 2 програма преку која се спроведуваат активности од Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030;

3. Со проектот Интеграција на Ромите III фаза, се имплементираат активности по однос на препораките од Познан Декларацијата и заклучоците од Министерските состаноци;

4. Со Европската Комисија се имплементираат ИПА проекти во делот на решавање на проблемите на Ромите во областа на домувањето;

Вклучувањето на сите релевантни фактори во решавањето на суштинските проблеми во ромската заедница во исто време гарантира и нивна успешност.

Оваа Информација се доставува за да се информира Владата на Република Северна Македонија за проектите кои се имплементираат во Министерството за социјална


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
“Dame Gruev” nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

политика, демографија и млади во однос на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030.

Имплементирани проекти во Министерството за социјална политика, демографија и млади од Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030

(август – декември 2024)

Во однос на активностите за подобрување на социјалната вклученост на Ромите во рамките на Одделението за имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 и понатаму се продолжи со имплементација на планираните активности во сите области во согласност со Стратегијата за Ромите.

## Инклузија на деца Роми во предучилишно образование

Министерството за социјална политика, демографија и млади во соработка со Ромскиот едукативен фонд (РЕФ) веќе 18 учебни години по ред го имплементира проектот Инклузија на деца Роми во Јавните општински установи - детски градинки.

Учебната 2024/2025 година е шеста година по ред каде што со заклучок од Влада децата Роми од семејства со социјален ризик се вклучени во предучилишното образование со ослободување од партиципација преку системско решение.

Во учебната 2024/2025 година бројот на запишани деца Роми во јавните детски установи на национално ниво изнесува 472 деца. 1.30 % од вкупниот број од 36.472 деца вклучени во детските градинки се Роми.

Вкупно 150 деца Роми, односно 32% се опфатени со препораката од Влада за ослободување од партиципација на деца Роми од семејства во социјален ризик. Со заклучок на Владата на Република Северна Македонија донесена во октомври 2024 година, планирано е да се вклучат 350 деца Роми од семејства во социјален ризик во 21 јавна установа-детска градинка, кои ќе бидат ослободени од плаќање партиципација. Засега 19 од 21 општини ја спроведуваат оваа мерка.

Се работи на нов концепт и Програма за работа со родители и деца на возраст од предшколско образование кои не посетуваат градинка, во соработка и поддршка од Светска Банка.

## Ромски Информативни Центри

Континуирано и во овој период, Ромските Информативни Центри работеа со граѓаните, согласно проблемите и потребите на заедницата, континуирано според своите планирани активности и работни планови.

Во периодот на информирање август – декември 2024 година, од страна на **Ромските Информативни Центри** дадени се вкупно 1504 услуги, со фокус на социјалните услуги


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
“Dame Gruev” nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

од областа на социјална заштита – 1325 лица, 8 лица во здравствената заштита, домување - 4, образование - 154, вработување – 6 лица и за лична документација - 7 лица.

Заклучно со декември 2024 година функционираат 4 Ромски Информативни Центри во Гостивар, Неготино, Битола и Шуто Оризари и останувaат за трансформација уште 5 лица во Центрите за социјална работа.

**Имплементација на Законот за неевидентирани лица во матична книга на родени**

Во делот на Граѓанската регистрација, во однос на активностите што Управата за водење на матична евиденција ги превзема за временскиот интервал од август заклучно до декември 2024 година, во рамките на имплементација на Законот за измена и дополна на Законот за матичната евиденција („Службен весник на РСМ" бр.129/23) од вкупно 526 уписи извршени се вкупно 460 дополнителни уписи во редовната матична книга на родените за лица од оваа ранлива категорија (223 женски, 237 машки).

Работната група за решавање на прашањата поврзани со без државјанството повторно е формирана во новиот мандат и работи во склоп на Собранието на Република Северна Македонија. Групата ќе продолжи со активностите до завршување на преостанатите предмети поврзани со без државјанството, како и за следењето на членот 4-а од Законот за матичната евиденција системско решение за запишување новороденчиња во матичната евиденција.
Работната средба се одржа на 27.12.2024 на која беа презентирани податоци за моменталната состојба на преостанати предмети кои треба да бидат решени.

**Мерки за времено згрижување на затекнатите лица под Кале**

Остануваат дислоцирани 15 семејства, 25 возрасни и 55 деца. Во процесот на интеграција и ресоцијализација со овие лица, работат 3 лица од ромските невладини организации. Вкупно 25 деца се запишани во основнните училиште “Браќа Рамиз и Хамид“ во Шуто Оризари и “Климент Охридски“ во Визбегово.

Бројот на активни баратели за работа е 22 лица. Во насока на нивно вклучување на пазарот на трудот и изнаоѓање на решенија за нивна целосна интеграција, во ноември 2024 година од страна на Одделението за имплементација на Стратегија за Роми, Одделението за социјално вклучување и ЦСР Бутел, направено е мапирање и анализа за вклучување на пазарот на трудот. Анализата укажува на потребата за финансиската одржливост на семејствата и мониторирање низ процесот на интеграција на лицата.

**Други имплементирани активности**


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
“Dame Gruev” nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

На 27.11.2024 година, се одржа редовен состанок со членовите на Националното координативно тело за имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 на кој се дискутираше за реализираните активности во ресорните министерства во рамки на Стратегијата за Инклузија на Ромите 2022-2030 и Планиран буџет за 2025 година за имплементација на НАП – информации од ресорните министерства.

Во период од 17-18 октомври 2024 година, се организира дводневна работилница за „Социјално домување" како дел од Програмата за билатерална соработка помеѓу Министерството за социјална политика, демографија и млади и Сојузното Министерство за социјални работи, здравство, грижа и заштита на потрошувачи на Република Австрија.

Во ноември 2024 година, Министерството за социјална политика, демографија и млади во соработка со Мисијата на ОБСЕ го презентираа извештајот „Напредување на вклученоста на Ромите во Северна Македонија“. Еден од клучните наоди е проблемот со граѓанската регистрација на нерегистрираните Роми, чие решавање започна со Законот за нерегистрирани лица од 2020 година, по што следеа системски законски измени во 2023 година кои овозможуваат државјанство или легален престој. Еден од главните заклучоци во извештајот е да се обезбеди ефективно спроведување на законите за граѓанска регистрација и државјанство за да се спречи бездржавјанството кај ромската заедница.

Во рамките на Заедничката **програма РОМАКТЕД 2** на Европската Унија и Советот на Европа, имплементирана од страна на Совет на Европа и спроведувана од страна на Тимот за Роми и Патувачи и Директоратот за координација на програми, Совет на Европа, на 28 ноември 2024 се одржа Завршниот состанок на советодавната група, на кој се презентираа резултатите од имплементацијата на РОМАКТЕД 2 за 2021-2024 година. На состанокот се направи преглед за работата и постигнатите резултати, влијанието на локално ниво и одржливост во изминатите 4 години од 2021 до 2024 година.

Главните достигнувања за Северна Македонија вклучуваат:

- Подобрување на инфраструктурата за училишта, ромски населби, рекреативни области и други;
- Образовна инклузија преку туторство и учење на возрасни;
- Поддршка за зајакнување на ромската заедница преку градење капацитети, создавање вработува и пристап до здравје.

На локално ниво програмата се реализираше во 15 општини преку грантови кои се даваа директно на општините од страна на Совет на Европа.


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
“Dame Gruev” nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

**Интеграција на Роми – Фаза III** претставува заедничка програма на Европската Унија (DG NEAR) и Советот на Европа, со цел да ги зајакне капацитетите на Владите на земјите од Западен Балкан и Турција за спроведување на сеопфатни јавни политики.

Во ноември 2024 година се одржа специјализирана обука за ново развиената **дигитална платформа за мониторинг на политиките за вклучување на Ромите**. Обуката обезбеди поддршка на националните и локалните власти.

**Регионални обуки за законодавни измени (4 и 26 ноември 2024, Скопје и Охрид)**

На 4 и 26 ноември 2024 година, во Скопје и Охрид, се одржаа две регионални обуки за поддршка на спроведувањето на законските измени од 2023 година, со цел поедноставување на процесот за добивање лични документи за ранливите групи.

**Обука за дигиталната платформа за мониторинг на политики за Ромите (20 ноември 2024, Скопје)**

На 20 ноември 2024 година, во Скопје се одржа обука за воведување на новата дигитална платформа за мониторинг на политики за Ромите, под заедничката програма на ЕУ и Советот на Европа – Рома Интеграција III.

**Оценка на Познанските заложби**

Рома Интеграција III спроведе оценка на Познанските заложби и заклучоците од Министерскиот состанок за интеграција на Ромите (2019–2024). Препораките вклучуваат унапредување на вработувањето, домувањето, здравството и образованието за Ромите, зајакнување на улогата на контакт-точките и промовирање на дигитална писменост.

**Студија за влијанието на владините мерки за вработување**

Оваа студија ќе го процени влијанието на мерките за вработување и самовработување врз ромската заедница.

**Проектот „Јакнење на националните и локалните системи за поддршка ефективна социо-економска интеграција на повратници во Западен Балкан“** во Република Северна Македонија се имплементира во три општини: Штип, Шуто Оризари и Прилеп.
Напредокот на проектот во 2024 година се реализира преку имплементација на следните активности:

1. Работа на локалните платформи
2. Имплементирање на стратегиите за интеграцијата на повратниците
3. Надминување на административните прашања со кои се соочуваат повратниците


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
“Dame Gruev” nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

Како особени достигнувања на проектот:

- Внесување на повратниците во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување
- Организирање на образование на возрасни
- Воспоставување на ресурсен центар за приближување на социјалните услуги на повратниците во општина Шуто Оризари

Воведување на АЦЦЕДЕР методологијата на категоријата повратници и медиумска покриеност